КУЛТУРНО - ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ CENTRE DE LA CULTURE ET D'INFORMATION - SKOPJE



# ХРИСТИЈАН САНЕВ
# HRISTIJAN SANEV

*Временските околности во кои Санев Христијан се појавува како уметник, навидум се неповолни со оглед на неликовните трендови на сложени и не секогаш убедливи изразни опции. Таа неповолност е само првото искушение на младиот уметник, која може само да го поттикне и насочи кон сериозност и временитост. Пренасочувањето на навидум затворениот систем на однапред дефинирани рамки, излез најчесто наоѓа во понуда на поинакви ветувања.*

*Единството во тематската - идејна поставеност со воведување на алузивниот знак и симболот, Христијан ги втемелува во своето ликовно проседе, како неопходни чинители, инструменти на сопствената имагинација.*

*Творештвото на Санев не почива врз императивот на нови единствени образложени до истоштеност пренагласени пораки. Неговиот настап се темели на ликовна чесност и врз оние вечно вредносни постулати кои историјата на уметноста никогаш не можела да ги изземе, предметните класификации и вреднувања.*

*Од издолжени човечки фигури избликнуваат, како што во една прилика Христијан ги опишува, гримаси на радост, замисленост, болка, со лирски предзнак. Претставени преку национални, етнолошки и религиозни симболи, го воведуваат гледачот во парадигмична иконографска афтентичност на безимени воини, разделени животни сопатници.*

*Во генезата на својата уметност Санев ги помирува и координира со ракопис на модерен автор, експресивните дефиниции на портретот и смирените слоеви на материјата како скривалиште на потсвесното. На фигурите им е подарен свет на сопствената осаменост, истовремено манифестирајќи потреба за комуникација со стремеж за надминување на постоечката стварност.*

*До кој степен творештвото е плод на биховиорален интроспекциски пристап во духовната дефиниција на фигуралното или прикажаното е само дел од наследеното, во движење - од архитипот кон современието и новите светови, е прашање на кое Санев најбрзо и со полна творечка сила ќе одговори. Уметничката творба ја претставува исцртаната мисла и гласноста на уметникот, глас кој го обликува лирскиот јунак на моменти гротекстен и трагичен, објективизиран со метафорично-симболичен јазик. Фигурите го носат времето на духовна напрегнатост, немоќно исправени пред ултиматумот на духот на времето.*

*Примарната димензија на единствената ликовна мисла со полн замав ги истражува постојаните врски помеѓу природата и човековите мисли, неговиот сензибилитет и доживувањето на светот.*

*Патувањето низ вака замислената стварност подразбира во делата да ја согледуваме животната паралела за постоењето на оние средишта од каде се гледа најдлабоката граница помеѓу битието и ништожноста.*

*Со поетски јазик, психолошки суптилно, авторот ги перцепира различните варијанти на тлесното во митските јунаци, ги расветлува оние места од каде авторите ги праќа до точка на нивната судбинска крстосница.*

*Меланхоличните типови го акцентираат личното и колективното егзистенцијално искуство, одредувајќи го нашиот современ етнички интегритет, а особено оној духовен портрет на кој пресудно влијаела Византија.*

*Судбината сложено е објаснета со метафори, симболи и знакови преку кои ликовите ги доживуваме како вистински, живи битија, можеби единствени кои му се на уметникот преостанати.*

*проф. Мирко Вујисиќ*



*Невин затвореник*
*Le prisonnier innocent*



*Прогонетиот светец*
*Le Saint exilé*

## *Осамениците на Христијан Санев*

*Неодамна Христијан Санев ми подари негова графика. Ми рече: „ова е прогонетиот светец". Масивно црно тело стои простум во пречист бел простор. Тагата ја наведнала главата на светецот кон левото раме. Да не се нијансите старо злато на ореолот околу главата, на крстот што му виси на градите и на бодликавата жица пред нозете, ништо не би го нарушувало совршенството на црно-белиот свет.*

*„Би ставил многу тенка рамка во боја на старо злато", ме посоветува авторот, а јас пак се одлучив за широка рамка од црно сирово дрво. Кога по некој ден ја виде графиката врамена, Христијан воскликна: „Па ти си го заробила светецот! Тој е изгонет, судбината му беше да лута по светот. Вака, тој нема каде понатаму". Не сакајќи, значи, јас му ја одземав слободата, му ја променив приказната, а со тоа, тој стана уште повеќе мој. „Ама, пред него и онака стоеше бодликава жица", си помислив, но не реков ништо, а светецот ми се стори уште потажен.*

*Зошто јас во неговиот лик препознавам толкава тага, кога тој и нема лик? Неговото тело не е тело - тоа е исправен црн столб. Неговата глава не е глава - таа е вртлог што и пркоси на вкочанетоста на трупот. Црни линии што се вртат во круг, во безизлез. Само црни линии, а во нив толку силен емотивен набој. Можеби се е во наклонот на главата. Тоа е оној наклон на Стариот гитарист на Пикасо; тоа е и наклонот од Распетието Христово од Курбиново; но и на Чудотворната Госпа сињска, чијашто икона Христијан отсекогаш ја гледал во својот дом. Доволна е само положбата на тој овал, за да се каже се за осаменоста, но и за прифаќањето на таа осаменост, со еден збор, за она што ја сочинува светоста.*

*Покажувајќи ми ги неговите последни дела, Христијан извади од некаде една постара графика, во мал формат: Патот на торнадото (1998). Ми падна в очи дека тој торнадото не го посматра од страна. Го нема конусот, типичен за оваа природна разорна појава. Нема дистанца. Тој торнадото го гледа одозгора, му продира право во срцето, онаму каде што врие се. Затоа се гледа само овал во кој бесно кружела раката на сликарот.*

*Одеднаш сфатив дека „мојот" светец на рамениците не носи глава, туку небесна фурија. Слушнав како дивеат ветришта, како се ломат дрвја. И ми се стори дека сум се вовлекла во некаков таен заговор помеѓу сликарот и ликот: да не смее ништо надвор да се чуе од таа страотна бучава. Затоа ли уште при првата средба имав впрчаток дека прогонетиот светец нешто крие од мене? Телото е неподвижно а главата му пламти од страст. Можеби и од страв, па затоа е толку човечен, толку трогателен.*

*Ако торнадото, таа немилосрдна сила, во својата симболика содржи елементи на гнев, па и на освета, главата-торнадо на светецот нема во себеси ништо насилно, а уште помалку разурнувачко. Дури ни бунтовничко. Напротив, светецот зрачи со бескрајна благост.*

*Таков е и чуварот на златната врата (стр. 9) со кој започнува во 1999 година серијата графики и цртежи што јас би ја нарекла „Осаменици“. Таков е и невиниот затвореник (стр. 3) чијшто пат, како и патот на прогонетиот светец, е препречен со бодликава жица. Такви се и човекот со златната рипка (стр.17) и девојката со златната маска. Сите тие се осаменици, но не несреќници. Не случајно автопортретот - првиот обид на Санев главата - торнадо да ја наслика со масло на платно - не се разликува од нив.*

*Дури и кога се повеќмина, секој како да е свет за себе: печалбарот, на пример (стр. 7). Млада жена, како шагаловска невеста го носи младоженецот на плеќи. Но во нивната свадба веќе ’ртат никулците на разделбата. Набргу секој од нив ќе се појави сам: невестата, во очај (стр. 19), мажот, како жетвар.*

*Единствено двајцата светци делуваат неразделливи (стр. 12). Како Кирил и Методиј, како Наум и Климент, незамисливо е да постојат еден без друг. Користејќи ги доминантните бои на македонското средновековно фрескосликарство - модро, цигла, старо злато, како и елементи од старословенското писмо, авторот и дава на оваа многу успешна композиција еден изненадувачки печат: грациозно наведнати еден кон друг, светците се љубовници.*

*Токму во таквото „осквернување“ јас ја гледам модерноста и оригиналноста на ова сликарство што нескриено ги влече корените од македонското културно наследство.*

*Христијан израснал опкружен со книги од областа на македонската духовност и култура. Со дедо му, поп-Стојан, одел по нашите цркви, со татко му, по археолошки ископини, а непрестано навраќал и во Музејот на Македонија. Стариот накит, носиите, иконите се составен дел на светот од неговото детство. Сега тие се објавуваат во сублимирани, крајно воздржани и елегантни облици.*

*Така извираат и се пресликуваат на хартија или на платно и други сеќавања, како, на пример, приказната на стариот Дебарчанец, раскажана во цртежот Зад ридон. Стариот Дебарчанец со години се лекувал кај мајка му на Христијан. Болен и изнемоштен, веќе му здодеало на живее, но таа упорно го крепела и го бодрела. Еден ден, и рекол:*
*„А бе докторке, зошто не ме пуштиш да си отидам зад ридон?“, и по некое време си замнал.*

*Од зад едниот до зад другиот рид, осамениците на Христијан си врват така, секој со своите радости и таги, секој по патот на своето торнадо.*

*Јасмина Шопова*



*Печалбар*
*Pecalbar*

## *САНЕВ ХРИСТИЈАН*

*Роден 1975 во Скопје. Дипломирал на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје во 1999, на отсек графика, а магистрирал во 2003 година.*
*Адреса: Бул. Јане Сандански 11/4-17, 1000 Скопје, Р. Макединија*
*241 rue de Bercy, 75012 Paris, France*
*Тел. 245 24 26 / ++ 33 (0)6 75 11 72 34*
*Ел. пошта: sanev@noos.fr*

*Групни изложби:*

*2004 - Париз, Франција, Салон на современа уметност*
*2003 - Скопје, Македонија, 6то биенале на Млади Уметници*
*2001 - Клуј, Романија, 3то Интернационално биенале на мала графика Клуј-2001*
*- Скопје, Македонија, 6то Биенале на Млади Уметници*
*2000 - Виронвал, Белгија, 10та интернационална изложба на мал формат*
*- Битола, Македонија, 3то Интернационално Графичко Триенале Битола 2000*
*- Рациборз, Полска, 3то Меѓународно бианале на мали графики*
*- Скопје, Македонија, 10то Студентско Интернационално Арт Биенале (СИАБ)*
*- Чеу, Кореа, 1 Интернационален графички фестивал*
*- Скопје, Македонија, Графички Експеримент 2*
*1999 - Клуј, Романија, 2ро Интернационално биенале на мала графика Клуј-1999*
*- Риека, Хрватска, 2ро Меѓународна изложба на екс либрис*
*- Карбунари, Романија, Интернационален мал графички салон*
*1998 - Софија, Бугарија,2ро Меѓународно графижко триенале*
*- Тераса, Шпанија, Меѓународна изложба на минијатурна графика МИГ'98*
*- Буенос Аирес, Аргентина, Меѓународен екс либрис натпревар: 50 Години Израел*
*- Рациборз, Полска,2роМеѓународно бианале на мали графики*
*- Белград, Југославија, 5то Бианале на графика Белград '98*
*- Виронвал, Белгија, 9та интернационална изложба на мал формат*
*- Намур, Белгија, 50год. Постоење од советот за човекови права*
*1997 - Портланд, САД, Интернационална графичка изложба*
*- Харков, Украина, Меѓународно трианале на графика и плакат - Блок4*
*- Риека, Хрватска, 1 Меѓународна изложба на екс либрис*
*- Канагава, Јапонија, 19 Независна изложба на графики во Канагава*
*1996 - Гиза, Египет, 2ро Египетско интернационално графичко триенале*
*1995 - Канагава, Јапонија, 18 Независна изложба на графики во Канагава*



*Чуварот на златната врата*
*Le gardien de la porte dorée*



*Разелба*
*Separation*



*Заробени души*
*Ames incarcérées*




*Два светци*
*Deux Saints*

*L'œuvre de Hristijan Sanev est fondée à la fois sur une honnêteté artistique et sur des valeurs qui se sont confirmées dans l'histoire de l'art. Le signe et le symbole sont les composantes essentielles de sa démarche, qui consiste à aller des archétypes vers les représentations contemporaines et lui permet de dépeindre subtilement, dans un langage lyrique et métaphorique, notre expérience collective et individuelle.*

*Le peintre ne cherche pas à tout prix à faire passer un message. Il crée son propre univers imaginaire, qui confond temps anciens et modernes et dans lequel nos destinés croisent celles de ses héros. Mélancoliques, solitaires, tantôt grotesques, tantôt tragiques, ces derniers se dressent impuissants devant les impératifs de notre époque. Refuges du subconscient, ses portraits sont autant de " grimaces de joie ", comme l'auteur les appelle lui-même.*

*Le symbolisme religieux et ethnographique dont ils sont imprégnés dote l'œuvre de Sanev d'une dimension spirituelle, marquée par l'influence byzantine. Cependant, l'écriture de ce jeune peintre reste résolument moderne et authentique. Il ne cherche pas à se conformer aux tendances artistiques dictées par le moment présent qui, par ailleurs, ne sont pas toujours convaincantes. Elle ne supporte pas les cadres préétablis. Et, on le sait, la quête de nouvelles issues est toujours porteuse d'espoir.*

*Extraits de l'introduction de Mirko Vujisic*

Професорот
Le professeur



„Секој ден ме прашуваше до каде сум со графиката. Сакаше да го види отисокот. Денес, утре, никако не успевав да најдам време, и дента кога се решив, тој почина. Замина „зад ридот". Не виде што можеше да излезе од тоа парче цинк. Графиката не беше отпечатена.

Во чест на мојот професор Димче Николов, никогаш нема ни да биде".

"Chaque jour, il venait aux nouvelles pour ma nouvelle gravure. Il voulait voir ce que ça allait donner sur le papier. Les jours passaient et le temps me manquait. Le jour où j'ai décidé de l'imprimer, j'ai appris qu'il était mort. Qu'il était parti "de l'autre côté du mont". Le zinc est resté tel quel.

En homage à mon professeur Dimce Nikolov, il le restera.

## *Les solitudes de Hristijan Sanev*

*Récemment, Hristijan Sanev m'a offert une de ses gravures : Le Saint exilé. Dans un espace d'un blanc immaculé, se dresse un corps massif, noir. Lourde de tristesse, sa tête est inclinée vers l'épaule gauche. Seuls les reflets discrètement dorés de l'auréole, de la croix sur sa poitrine et du fil barbelé devant ses jambes perturbent la perfection de son monde en noir et blanc.*

*" Je la verrai bien dans un cadre très fin, couleur vieil or ", m'a conseillé l'auteur. Quant à moi, j'ai choisi un cadre large, en bois noir. En voyant la gravure accrochée au mur, Hristijan s'est exclamé: " Qu'est-ce que tu lui as fait ? Le saint était banni, donc libre d'aller où bon lui semblait. Et toi, tu l'as emprisonné ! " Sans le vouloir, je l'avais privé de sa liberté, j'avais changé son histoire, en fait, je me l'étais approprié. " Mais, de toute manière, il y avait le barbelé... ", ai-je pensé, sans oser le dire, et le saint m'est apparu encore plus triste.*

*D'où me vient cette idée de tristesse en voyant son visage, alors qu'il n'a pas de visage. Son corps n'est pas un corps - il est un tronc noir qui défie la blancheur. Sa tête n'est pas une tête - elle est un tourbillon qui défie l'immobilité du corps. Des traits noirs qui tournent en rond, désespérément. Rien que des traits, mais quelle charge émotionnelle ! Tout est, peut-être, dans l'inclinaison de la tête. C'est celle du vieux guitariste de Picasso, celle du Christ crucifié dans l'église de Kurbinovo, mais aussi celle de la Vierge miraculeuse de Sinj, dont l'icône accompagne Hristijan depuis son enfance. Un simple geste de la tête, figé, et tout est dit de la solitude, mais aussi de l'acceptation de la solitude, en un mot, de la sainteté.*

*En me montrant ses dernières œuvres, Hristijan a sorti d'une pochette une gravure plus ancienne, de petit format : Le Chemin de la tornade (1998). J'ai remarqué qu'il n'observe pas la tornade de côté. On ne voit pas le " tube " typique de cette force dévastatrice. On ne voit que les traces ovales du geste furieux de la main du peintre. Il plonge au cœur de la tornade, au cœur de l'effervescence. Il n'y a pas de distance entre lui et la tornade.*

*Soudain, j'ai compris que " mon " saint porte sur ses épaules, non pas une tête, mais une furie céleste. J'ai entendu des vents siffler, des arbres craquer. Et j'ai eu l'impression d'avoir dévoilé l'accord secret entre le peintre et le saint de ne rien laisser entendre au-dehors de ce terrible brouhaha intérieur. Je me suis rappelée que dès notre première rencontre le saint exilé semblait me cacher quelque chose. Son corps est impassible, mais sa tête brûle de passion. Ou de peur, peut-être. C'est pourquoi il est si humain, si émouvant.*

*Le symbolisme de la tornade contient des éléments de courroux, voire de vengeance ; la tête-tornade du saint n'a rient de violent, encore moins de destructeur. Pas même de rebelle. Au contraire, une infinie douceur émane de cette figure.*

*Tel est le cas du gardien de la porte dorée (p. 9) qui annonce, en 1999, la série de gravures que je nommerais " Solitudes ", du prisonnier innocent (p. 3) dont le chemin, comme celui du saint, est barré par un fil barbelé, de l'homme au poisson en or (p. 17), de la jeune fille au masque d'or, autant de solitaires, mais pas de malheureux. Ce n'est pas un hasard si l'autoportrait - la première tentative de Sanev de peindre la tête-tornade sur une toile - leur ressemble d'une manière si frappante.*

*Même quand ils sont ensemble, on dirait que chacun est un monde à part. Les jeunes mariés, par exemple (p. 7). Comme dans Le Double portrait au verre de vin de Chagall, la femme porte le marié sur ses épaules. Mais les deux corps superposés sont tout aussi unis que désunis. Et bientôt, on les trouvera séparés, la jeune femme, seule dans son désespoir (p. 19), le jeune homme, moissonnant seul son champ.*

*En revanche, les deux saints (p. 12) vivent dans une parfaite symbiose. Tels Cyrille et Méthode ou Naum et Clément, on ne peut les imaginer l'un sans l'autre. En utilisant des couleurs dominantes de la peinture macédonienne médiévale - bleu, brique, or - ainsi que des éléments de l'alphabet slavon, l'auteur donne à cette très belle composition une touche insolite : gracieusement inclinés l'un vers l'autre, les deux saints sont des amants.*

*C'est précisément dans cette désacralisation que je vois l'originalité et la modernité de l'œuvre de Hristijan Sanev, qui puise ouvertement son inspiration dans le patrimoine culturel macédonien.*

*Hristijan a grandi entouré de livres sur la spiritualité et l'art macédoniens. Avec son grand-père, le pope Stojan, il a fréquenté nos églises ; avec son père, archéologue, il a visité à maintes reprises des sites et le Musée de Macédoine. Les bijoux anciens, les costumes traditionnels, les icônes sont inhérentes à l'univers de son enfance. A présent, ils s'incarnent dans des formes d'une grande élégance et sobriété.*

*D'autres souvenirs viennent également se coucher sur le papier, comme cette histoire du vieil homme de Debar, racontée dans le dessin De l'autre côté du mont. C'était un patient de la mère de Hristijan. Malade et épuisé, il était las de vivre, mais elle n'a pas cessé de le soigner et de l'encourager. Un jour, il lui a dit " Docteur, pourquoi tu ne me laisses pas partir de l'autre côté du mont " et peu après il s'en est allé.*

*D'un mont à l'autre, les personnages de Hristijan marchent ainsi esseulés, chacun avec son histoire, chacun sur le chemin de sa tornade.*

*Jasmina Šopova*



*Човекот и златната рипка*
*L'homme au poisson en or*



*Селани*
*Les villageois*



*Очај*
*Désespoir*

*HRISTIJAN SANEV*

*Né le 25 Décembre 1975 à Skopje, Macédoine*
*Formation : 1999 - Diplômé du Département Gravure, Faculté des Beaux- Arts de l'Université St.Cyril et Methode de Skopje, Macédoine, 2003 - Magistère de Gravure*
*Add. Bul. Jane Sandanski 11/4-17, 1000 Skopje, R. Macédoine*
*241, rue de Bercy, 75012 Paris, France*
*tel. 245 24 26 / ++ 33 (0)6 75 11 72 34*
*E-mail sanev@noos.fr*

*Expositions:*

| | |
|---|---|
| *2004* | *- Paris, France, Grand Marché d'Art Contemporain* |
| *2003* | *- Skopje, Macédoine, 6éme Biennal des Jeunes Artistes* |
| *2001* | *- Skopje, Macédoine, 5éme Biennal des Jeunes Artistes* |
| | *- Cluj, Roumanie, 3éme Biennal International du Petit format de Cluj* |
| *2000* | *- Viroinval, Belgique, 10éme Exposition Internationale du Petit format de papier* |
| | *- Bitola, Macédoine, 3éme Triennal International de Gravures , Bitola 2000* |
| | *- Cheju, Korea, 1er Festival International d'Art imprimé (gravures) de Cheju* |
| | *- Raciborz, Pologne, 3éme Biennal International du Petit Format* |
| | *- Skopje, Macédoine, 10éme Biennal International des Etudiants de l'Art (SIAB),* |
| | *- Skopje, Macédoine, Expèriment de l'Art des Gravures* |
| *1999* | *- Cluj, Roumanie, Biennal international du Petit format de Cluj 1999* |
| | *- Rijeka, Croatie, 2 éme Exposition Internationale EX-Libris* |
| | *- Carbunari, Roumanie, Petit Salon International de Gravure* |
| *1998* | *- Terrasa, Espagne, Exposition Internationale des Gravures Miniatures MI - 1998* |
| | *- Viroinval, Belgique, 10éme Exposition Internationale du Petit format de papier* |
| | *- Sofia, Bulgarie, 2éme Triennal International de líArt des Gravures de Sofija '98* |
| | *- Buenos Aires, Argentine, Exposition Internationale des Gravures* |
| | *- Raciborz, Poland, 2éme Biennal International du Petit Format* |
| | *- Belgrade, Yougoslavie, 5ème Biennal de líArt des Gravures de Belgrade'98* |
| | *- Namur, Belgique, 50éme Anniversaire de existence des droits de l'homme* |
| *1997* | *- Portland, Etats Unis, Exposition Internationale des Arts imprimés (gravures)* |
| | *- Kharkiv, Ukraine, 4éme BLOCK, Triennal International de Gravure et Fiche* |
| | *- Kanagawa, Japon, 19éme Exposition Indépendante Internationale de Gravure* |
| | *- Rijeka, Croatie, 1er Exposition Internationale EX - Libris* |
| *1996* | *- Giza, Egypte, 2éme Triennal International des Gravures de l'Egypte* |
| *1995* | *- Kanagawa, Japon, 18éme Exposition Indépendante Internationale de Gravure* |

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека " Св. Климент Охридски", Скопје

76.036 (497.7) (06.064) Санев Х.

Санев, Христијан
Санев Христијан: Културно - информативен центар - Скопје/
(воведен текст Мирко Вујисиќ ; текст (и) превод на француски Јасмина Шопова;
фотографии и дизајн Христијан Санев). - Скопје:
Културно - информативен центар - Скопје, 2004. - 20 стр.: Слики (претежно во бои); 21 x 21 см

Текст напоредно на франц. Јазик

ISBN 9989-139-22-9
1. Вујисиќ, Мирко 2. Шопова, Јасмина
а) Графика - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 59587594

Издавач

Културно - информативен центар - Скопје
Моша Пијаде б.б.
Тел. + 389 2/ 3238 158
Факс: + 389 2/ 3166 724
e-mail: KICentar@freemail.com.mk

За издавачот
Љупчо Маленков, директор

Печати:
Југореклам - Скопје

Изложбата и каталогот се реализирана со помош на
Министерството за култура на Република Македонија

ISBN 9989-139-22-9